Почитувани,

Чест ни е да ве поканиме на конференцијата **“Состојбата на научно-општествените истражувања во Република Македонија**”, која ќе се одржи на **14 април 2011 година**, со почеток во 10 ч. во хотелот Континентал во Скопје. Конференцијата е во организација на *ФОРУМ-Центарот за стратегиски истражувања и документација* и *Аналитика*, под покровителство на Швајцарската промотивна програма за регионални истражувања за Западен Балкан (RRPP).
Целта на оваа конференција е да ја обедини на едно место истражувачката заедница во Македонија, и да отвори дискусија за местото што научно-општествените истражувања го имаат денес во македонското општество. Идејата е да се таргетираат не само актуелните истражувачи и нивните организации туку и оние идните, кои треба да се запознаат со ризиците со кои се соочува овој сектор секојдневно, како и со добивките кои општеството може да ги има од научно-општествените истражувања.

**Агенда на конференцијата:**

| | |
|---|---|
| 10:00 – 10:15 | Регистрација |
| 10:15 – 10:30 | Воведни обраќања |
| 10:30 – 12:30 | Општествените науки и истражувањата во Македонија- каде сме и каде сакаме да бидеме?<br>1. Универзитетите и нивната улога во научно-општествените истражувања<br>2. Think tank заедницата во Македонија – која е предноста на партнерствата и мрежите на соработка? |
| 12:30 - 13:00 | Кафе пауза |
| 13:00 – 15:00 | Финансирањето и другите видови поддршка за научно-општествените истражувања во Македонија. Која е улогата на политиката?<br>1. Проблеми со кои се соочува македонската истражувачка заедница при аплицирањето за фондови<br>2. Финансирањето на научно-општествени истражувања во Македонија. Кој е излезот? Како до независни извори на финансирање?<br>3. Мешањето на политиката во истражувањата – како да се реизгради довербата во општеството, кога повеќето научно-истражувачки центри се политички етикетирани? |
| 15:00 – 16:00 | Ручек |